Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневните настани 25.08.2023

На 24.08.2023 во 11.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Р.(27) од Куманово. Тој се сомничи дека на 22.08.2023 од приватен имот на ул. „Живко Чало" во Куманово одзел повеќе предмети, додека на 23.08.2023 бил затекнат при обид да извреши кражба од куќа на улицата „30 Јули" во Куманово. Одземеното било пронајдено и вратено на сопственикот, а С.Р. бил задржан во полициска станица и во службен разговор ги признал делата. По целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 24.08.2023 во 19.40 часот на подрачје на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Б.К.(25) од Скопје затова што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен поднесок.

На 25.08.2023 во 00.00 часот на граничен премин „Богородица", полициски службеници го лишиле од слобода Ф.Б.(27) од Република Турција поради постојаст на основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" казиино по член 378 од Кривичниот законик. Имено, при пасошка контрола приложениот приложен фалсификувана турска возачка дозвола на негово име. За настанот бил известен јавен обвинител, а лицето било предадено на полициски службеници во Полициската станица Гевгелија за понатамошна постапка.

На 24.08.2023 во 11.35 часот на граничен премин „Долно Блаце", полициски службеници го лишиле од слобода Е.А.(27) од Романија затова што по извршена проверка во службената евиденција било констатирано дека евидира со марка „Алси" издадена од Секторот за меѓународна полициска соработка при МВР. Лицето било предадено на полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје за понатамошна постапка.

Во текот на вчерашниот ден (24.08.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 494 возачи. Од нив 32 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час. Притоа 223 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 271 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (24.08.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 352 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 108 санкции, 28 мерки за возење без возачка дозвола, 32 санкции за пропушти што ги прават возачите на мотоцикл. Изречени се три мерки за минување на затворен сигнал - црвено светло, 20 санкции за користење на мобилен телефон при возење, 14 мерки за некористење на сигурносен појас....

На 24.08.2023 во периодот од 08.00 до 14.00 часот на подрачјето на СВР Тетово била спроведена акциска контрола при што беше откриени и санкционирани 37 возачи (ТЕ-25 и ГВ-12) кои ја пречекориле максимално дозволената брзина надвор од населено место, од кои 1 (ТЕ) за над 50 километри на час. Покрај ова, во акциската контрола биле констатирани и 2 пречекорувања на пропишаната брзина (ТЕ) во населено место и 1(ГВ) друг вид сообраќаен прекршок. На возачите-прекршители им биле изготвени поднесоци и ќе се соочат со парични глоби од 45 до 400 евра, зависно од големината на утврденото пречекорување.

На 24.08.2023 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 37 прекршоци, од кои 21 надвор од населено место и 16 во населено место. Санкционирани биле и 21 другви видови на прекршоци, од кои 4 за управување возило без возачка дозвола, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 8 за некористење сигурносен појас, 1 за технички неисправно возило, 1 за возач почетник, 1 за пречесто на минување, 1 за некористење заштитна кацига и 2...

На 24.08.2023 во 19.45 часот во Полициската станица Струмица било пријавено дека на магистрален пат Струмица-Ново Село, на делницата помеѓу селата Босилово и Турново, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „рено" со струмички регистарски ознаки, управувано од Д.С.(37) од село Иловица и патничко возило „опел", управувано од В.И.(21) од село Иловица, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Д.С., а со телесни повреди се здобил возачот В.И, констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 24.08.2023 околу 07.45 часот во СВР Куманово било пријавено дека на регионалниот пат Куманово - Свети Николе, на подрачје на Куманово, патничко моторно возило „фиат" удрило во велосипед управуван од М.Ј.(71) од Куманово и го напуштило местото. По несреќата, М.Ј. бил пренесен во Медицинскиот центар Куманово каде му биле констатирани тешка телесна повреда. Увид на местото извршила увидна екипа од СВР Куманово и се пренесат мерки за расчистување на случајот.

На 25.08.2023 околу 02.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на бул.„Гоце Делчев" во Скопје, 16 годишник од Скопје, управувајќи мопед „камачи" со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. По несреќата возачот и 16 - годишната сопатничка од Скопје биле пренесени во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" каде што на возачот му биле констатирани телесни повреди, а на сопатничката и биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 24.08.2023 во 10.40 часот во Полициската станица Центар, Б.С.(66) од Скопје пријавил дека на бул.„Партизански одреди" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 24.08.2023 во 22.45 часот во СВР Тетово, малолетник од Гостивар пријавил дека на улица „Мара Угринова" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 24.08.2023 во 15.10 часот во ОВР Струга, А.А. (43) од с.Радолишта, струшко, пријавил дека на ул.„Владо Малески" во Струга бил каснат од куче скитник.

Денеска (25.08.2023) во 11.40 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода И.Ј.(25) од Скопје затова што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.08.2023 околу 17.00 часот во авто камп Љубаништа, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Охрид извршиле преглед над К.С.(21), Д.С.(21) и Ф.Х. (30), сите од Охрид, како и во шаторот во кој престојуваат, при што во близина на шаторот била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.А.(39) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „фалсификување пари" казиино по член 268 и „измама" казиино по член 247 од Кривичниот законик. Пријавениот набавил фалсификувана банкнота од 500 евра и во ноември 2021 година ја употребил во казино во трговски центар на подрачје на Карпош.

На 24.08.2023 околу 03.45 часот на улица „Иво Лола Рибар" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, при преглед кај 24-годишниот Р.И. од тетовски Требош, пронашле и одземе нож. Притоа него бил изготвен поднесок по член 80 од Законот за оружје.

На 24.08.2023 во 19.50 часот, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Д.Г.(40) од Република Словенија затоа што во угостителски објект на ул.„Бутелска" во Скопје го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон вработените во објектот и кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.08.2023 во 08.30 часот во Полициската станица Гази Баба, Ј.С.(30) од Скопје, вработена во Јавното претпријатие „Лајка" - Скопје, пријавила дека при извршување работни задачи, по претходна расправија, пред објектот на претпријатието на подрачје на Гази Баба била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.08.2023) во 05.00 часот во Полициската станица Центар, Д.И.(21) од Радовиш пријавил дека околу 01.35 часот на паркинг простор на ул.„Орце Николов" во Скопје, тој и М.К. од Радовиш биле физички нападнати од М.А., со кого се познавале од порано, и уште едно лице, при што М.А. го удирал со пиштол и му одзел пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.08.2023 во Полициската станица Карпош било пријавено дека во 17.15 часот на подрачје на Карпош, по претходна расправија, биле нарушени јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.С.(60) и Е.С.(54), двајцата од Скопје, од една страна и Б.А.(39) од Скопје, од друга страна. По целосно документирање на случајот, ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 24.08.2023 во 17.50 часот во СВР Скопје, Ж.К. пријавила дека заталкано зрно со оштетило покривот од нејзината куќа на ул.„Јустинијан Први" во Скопје. Увид бил извршен и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.08.2023) во 00.10 во Полициската станица Центар, А.Р.(40) од Скопје пријавил дека на 24.08.2023 околу 23.55 часот пред угостителски објект на подрачје на Центар бил физички нападнат од С.Д.(33) од Скопје и уште едно лице, кои работеле како обезбедување во објектот. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.08.2023 во Полициската станица Бит Пазар било пријавено дека во 23.35 часот на подрачје на Чаир, по претходно недоразбирање околу паркинг, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Ф.(39) и А.Д.(29), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.08.2023 во 23.20 часот во Полициската станица Гази Баба, С.С.(46) од Скопје пријавил дека околу 23.00 часот во дворот од сопствен дом на подрачје на Гази Баба бил физички нападнат од неговиот зет Т.М. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (25.08.2023) во Полициската станица Драчево било пријавено дека околу 03.15 часот во угостителски објект на подрачје на Драчево, Д.П.(62) од Скопје, вработен како обезбедување на објектот, бил физички нападнат од Л.А.(45) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (25.08.2023) во СВР Штип било пријавено дека во 02.41 часот во с.Карбинци, штипско, настанал пожар во објект на правно лице. Екипа на Територијалната противпожарна единица Штип го изгаснала пожарот, а повредени лица нема. Увид на местото извршила екипа од СВР Штип.

На 24.08.2023 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на подрачјето на Центар, патничко моторно возило „нисан" со скопски регистарски ознаки, сопственост на Љ.М.П.(52) од Скопје, било оштетено од заталкано зрно. Полициски службеници излегле на местото и го подигнале зрното за понатамошна постапка. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 24.08.2023 во 11.40 часот во Полициската станица Кичево, М.Б.(57) од Кичево пријавил дека на ул.„Осојски пат" во Кичево бил нападнат од кучиња скитници, по што паднал од велосипед и се здобил со повреди констатирани во Медицински центар Кичево.

На 24.08.2023 во 11.30 часот во Полициската станица Кичево, Р.Н.(22) од Кичево пријавил дека на ул.„29 Ноември" во Кичево бил каснат од куче скитник.

Денеска (25.08.2023) во 11.30 часот во Полициската станица Гази Баба, А.П.(66) од Скопје пријавил дека на ул.„Гемиџиска" во Скопје бил каснат од куче скитник.

Денеска (25.08.2023) во 11.00 часот во Полициската станица Чаир, Ж.К.(59) од с.Кучевиште, скопско, пријавил дека на ул.„Јадранска магистрала" бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против И.А.(45) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда". На 21.06.2023 на улица „Ѓ.Стојчевски", пријавениот физички го нападнал Д.Р. и му нанел тешка телесна повреда.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривични пријава против Љ.Р.(28) од Дебар поради постоење основи на сомнение дека во текот на мај 2023 година извршил полови дејствија врз малолетничка од Дебар, со која подолг период бил во врска.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.Н.(31) од село Велешта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 10.07.2022 во угостителски објект во Охрид, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одделе пиштол „Екол" и рамка за пиштол со два куршуми калибар 6,35 мм.

Регионалниот центар за гранични работи Исток поднесе кривична пријава против Н.Б.(45) од село Блаце, скоско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". На 20.08.2023 на регионалниот пат Валандово–Струмица во патничко возило „фолксваген туарег" биле превезувани мигранти. На ладен знак да застане, возилото ја зголемило брзината и продолжило со движење, а на улица „Климент Охридски" удрило во семафор. Во возилото биле затекнати пријавениот и 17 лица мигранти без документи за идентификација.